Република Северна Македонија
Министерство за култура
УПРАВА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Kulturës
DREJTORIA PËR MBROJTJEN E TRASHËGIMISË KULTURORE

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА - MINISTRIA E KULTURËS
Управа за заштита на културното наследство
Drejtoria e Mbrojtjes së Trashëgimisë
Бр.-Nr. 01-1044/4
13.07. 2023 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# П Р А В И Л Н И К

## за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација и работа на Управата за заштита на културното наследство

Скопје, јули 2023

Врз основа на член 17 од Законот за вработените во јавниот сектор (Сл.весник на Република Македонија бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и Сл.весник на Република Северна Македонија бр.143/19, 14/20, 95/20 и 302/20), Директорот на Управата за заштита на културното наследство, на ден 13.07..2023 донесе:

# ПРАВИЛНИК

## за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација и работа на Управата за заштита на културното наследство

### Член 1

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на Управата за заштита на културното наследство бр.01-1127/1 од 21.03.2018 година.

### Член 2

Во Делот II Организациони единици, во член 4 во точка 4. зборовите „Сектор за нормативно - правни работи, правна заштита на културното наследство и општи работи" се заменуваат со зборовите 4. „Сектор за општи работи и правна заштита".

### Член 3

Во Делот II Организациони единици, во член 4 точка 4.1 зборовите „Одделение за нормативно - правни работи и правна заштита на културното наследство" се заменуваат со зборовите 4.1 „Одделение за правна заштита".

### Член 4

Член 7 во делот III,Делокруг на работа на организационите единици, точка 4 се менува и гласи:

4. СЕКТОР ЗА ОПШТИ РАБОТИ И ЗА ПРАВНА ЗАШТИТА

Во **Секторот** се вршат работи што се однесуваат на поддршка на работата на Директорот, општите работи во доменот на работата на Управата, правните работи во доменот на работата на Секторот и на Директорот на Управата, правната заштита на културното наследство и вршењето на архивски и стручно-административни работи. Работите во Секторот се вршат преку: 4.1 Одделение за правна заштита и 4.2 Одделение за архивски и стручно-административни работи.

### Член 5

Член 7 во делот III,Делокруг на работа на организационите единици ,точка 4.1 се менува и гласи:

4.1 Во **Одделението за правна заштита** се вршат работи кои се однесуваат на правните работи во доменот на работата на Одделението и правните аспекти на заштитата на културното наследство и тоа: учествува во изготвувањето на одлуките и општите акти за работите од негова надлежност; вршење стручно-административни работи за стручните и советодавните тела за работите од негова надлежност и други работи што ќе бидат утврдени во делокругот на надлежност согласно законите и другите прописи; подготовка на упатства, наредби и други акти за постапување што ги донесува директорот на Управата; изработка на студии, анализи, програми, информации и други студиско-аналитички материјали за културното наследство и другите заштитени добра; следење, проучување, истражување и анализирање на состојбите и покренување иницијативи, поведување постапки пред надлежните органи и предложување акти и мерки за остварување, развој и унапредување на правната заштита на културното наследство; изработување на акти за прогласување, промена и престанок на заштитата, вклучувајќи и други правни акти во врска со културното наследство; вршење на работи поврзани со правото на првенствено купување, хипотекарни односи, експропријација и други имотно-правни работи во врска со културното наследство и други работи што ќе бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

**Член 6**

Согласно извршените измени на Правилникот за внатрешна организација се прават промени и во графичкиот приказ (органограм).

**Член 7**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе отпочне да се применува по добиената писмена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Бр. 01-1844/4
13.07.2023

в.д. Директор
*м-р Зоран Павлов*

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА - MINISTRIA E KULTURËS
Управа за заштита на културното наследство
Drejtoria e Mbrojtjes së Trashëgimisë Kulturore
СКОПЈЕ - SHKUP